# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ КЛИЕНТИ НА ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД СКОПЈЕ

## 1. Идентитет и контакт податоци на Контролорот

| | |
|---|---|
| **Контролор** | Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје |
| **Седиште** | ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје |
| **Телефон** | +389 2 322 2762 |
| **Е-пошта** | info@opfolio.mk |
| **Интернет страна** | https://opfolio.mk |

## 2. Контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци

| | |
|---|---|
| **Е-пошта** | info@opfolio.mk |
| **Адреса** | ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје (со назнака: за офицерот за заштита на личните податоци) |

## 3. За кого се однесува оваа Информација

Оваа Информација се однесува на обработката на личните податоци на следниве категории субјекти:

- сопственици на удели во отворените инвестициски фондови со кои управува Друштвото — Опфолио Паричен Фонд и Опфолио Прогресивен Фонд;
- потенцијални клиенти кои поднеле барање, побарале советодавна услуга или ги оставиле своите податоци преку интернет страната на Друштвото;
- законски застапници и полномошници на сопственици на удели, вклучувајќи законски застапници на малолетни лица и на лица со ограничена деловна способност;
- овластени лица и вистински сопственици на правни лица кои се сопственици на удели;
- наследници и баратели на наследство од починат сопственик на удели.

## 4. Начела на заштита на личните податоци

Вработените и ангажираните лица кои вршат обработка на Вашите лични податоци имаат обврска да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на личните податоци, и тоа:

**Законитост, правичност и транспарентност**

Вашите лични податоци се собираат и обработуваат законито, врз основа на Законот за инвестициски фондови, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, даночните прописи и Договорот, односно пристапницата за купување удели.

**Ограничување на целта**

Личните податоци се обработуваат за цели утврдени со закон и договор и не се предмет на натамошна обработка за цели различни од првично дефинираните. Секоја потреба за натамошна обработка е предмет на анализа и проценка на влијанието врз приватноста на субјектите.

**Минимален обем на податоци**

Обработката е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за исполнување на целта на обработката.

**Точност на личните податоци**

Друштвото спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или некомплетните лични податоци. Секој субјект има право да побара исправка, измена или бришење на лесен и едноставен начин. Друштвото има должност да направи исправка во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето или од денот кога е констатирана неточноста, и да ги избрише податоците за кои субјектот барал бришење во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

**Ограничување на роковите на чување**

По изминувањето на роковите, односно по исполнување на целта на обработката, личните податоци се бришат од соодветната збирка, освен кога подолг рок е пропишан со закон.

**Интегритет и доверливост**

Друштвото презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување. Пристапот е ограничен на лицата на кои им е издадено посебно овластување за обработка на лични податоци. Деталниот опис на мерките е содржан во Политиката за континуирано работење и безбедност на информацискиот систем на Друштвото.

**Отчетност**

Друштвото ја демонстрира усогласеноста со сите наведени начела, обезбедува докази и покажува дека се преземени сите потребни мерки за спроведување на начелата во пракса.

## 5. Правни основи за обработка на Вашите лични податоци

| | |
|---|---|
| **5.1. Сопственици на удели** | • Исполнување на договорна обврска (пристапница / Барање за купување удели / Договор) — извршување на договор согласно ЗЗЛП • Исполнување на законска обврска (Закон за инвестициски фондови и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност) — исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП |
| **5.2. Идентификација и следење на клиентот** | • Исполнување на законска обврска (Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам) — исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП |
| **5.3. Даночно известување** | • Исполнување на законска обврска (даночни прописи) — исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП |
| **5.4. Потенцијални клиенти** | • Согласност на субјектот — согласност на субјектот согласно ЗЗЛП, или • Легитимен интерес на Друштвото за воспоставување контакт и презентирање на понудата — легитимен интерес согласно ЗЗЛП |
| **5.5. Наследници и баратели на наследство** | • Исполнување на законска обврска (Закон за инвестициски фондови, Закон за наследување) — исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП |

Друштвото целосно го почитува начелото на минимален обем на податоци и ги собира само оние податоци кои се потребни, релевантни и ограничени за исполнување на целта заради која се обработуваат.

## 6. Цели на обработката

Друштвото ја врши обработката на Вашите лични податоци за следниве цели:

- воспоставување деловен однос и водење на Регистарот на удели на отворените инвестициски фондови;
- извршување на барањата за купување, откуп и пренос на удели, како и пресметка и исплата на средства;
- утврдување и проверка на идентитетот на клиентот, утврдување на вистинскиот сопственик и следење на деловниот однос согласно прописите за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
- издавање потврди, извештаи за состојба на удели и друга законски пропишана комуникација со сопствениците на удели;
- исполнување на обврските за известување кон Комисијата за хартии од вредност, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и други надлежни органи;
- утврдување на инвеститорски профил и советување за соодветни производи, пред и по воспоставување на деловниот однос;
- постапување по жалби и поплаки поднесени од вложувачите;
- остварување комуникација со потенцијални клиенти и информирање за понудата на Друштвото.

## 7. Кој има пристап до Вашите лични податоци

Пристап до Вашите лични податоци може да имаат:

- овластени вработени или ангажирани лица во Друштвото, само до степен потребен за извршување на работните задачи, согласно издадените овластувања за обработка;
- вработени или ангажирани лица кај обработувачи кои во име на Друштвото вршат обработка на лични податоци, врз основа на правен акт за обработка на лични податоци;
- депозитарната банка на инвестициските фондови, во рамките на нејзините законски овластувања;
- Комисијата за хартии од вредност, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и секоја друга јавна институција на која Друштвото е обврзано да ги достави Вашите лични податоци како законска обврска;
- во определени исклучителни ситуации, заради исполнување на законски обврски — судови, органи за спроведување на законот, регулаторни тела или правни застапници.

*Во својство на контролор, Друштвото дава лични податоци на обработувачи кои ги обработуваат во негово име, при што ги обврзува со договор или друг правен акт за обработка на лични податоци во смисла на член 32 од ЗЗЛП, со кој обработувачите се обврзуваат на истите стандарди на заштита кои се применуваат кај Друштвото.*

## 8. Категории на лични податоци што ги обработуваме

### Во Регистарот на удели и Збирката на сопственици на удели — физички лица

- Име и презиме
- ЕМБГ
- Датум и место на раѓање
- Податоци од документ за лична идентификација (вид, број и издавач на документот)
- Адреса и место на живеење
- Државјанство и статус на резидентност
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)

- Број на трансакциска сметка и назив на деловна банка
- Број и датум на пристапница, односно барање за купување удели
- Број на удели, износи на уплатени и исплатени парични средства
- Наплатени надоместоци со датум и вид на надоместок
- Податоци за политичка изложеност и вистински сопственик (согласно прописите за спречување перење пари)

### Во Збирката на сопственици на удели — правни лица (податоци за физички лица)

- Име и презиме на овластеното лице за застапување
- Податоци од документ за идентификација на овластеното лице
- Име и презиме и податоци за идентификација на вистинскиот сопственик
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)

### Во Збирката на законски застапници и полномошници

- Име и презиме
- ЕМБГ
- Податоци од документ за лична идентификација
- Адреса и место на живеење
- Основ на застапување (сродство, старателство, нотарски заверено полномошно)
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)

### Во Збирката на потенцијални клиенти

- Име и презиме
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)
- Податоци за инвеститорски профил и инвестициски преференции, доколку доброволно ги доставите
- Податоци кои лицето ги открива во текот на комуникацијата

### Во Збирката на баратели на наследство

- Име и презиме
- ЕМБГ
- Податоци од документ за лична идентификација
- Адреса за кореспонденција
- Основ на наследување (решение за наследување или друг правосилен акт)
- Број на трансакциска сметка и назив на деловна банка

## 9. Како ги чуваме Вашите лични податоци

Вашите лични податоци ги обработуваме во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Вработените се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци, а истата обврска ја имаат и обработувачите, врз основа на правен акт за обработка на лични податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на Друштвото имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи. Секое овластено лице потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка.

Личните податоци се чуваат на сервер во просториите на Друштвото, со примена на технички и организациски мерки за заштита. Заради обезбедување континуитет во работењето и сигурносни копии,

дел од податоците се обработуваат и кај даватели на облак-услуги со инфраструктура во држави-членки на Европската Унија, а во вонредни ситуации и кај давател со инфраструктура во Соединетите Американски Држави. Секој ваков пренос се врши врз основа на соодветен правен инструмент за пренос предвиден со членовите 48–56 од Законот за заштита на личните податоци, вклучувајќи стандардни договорни клаузули, со примена на дополнителни технички мерки за заштита.

Друштвото нема да ги проследи Вашите податоци на трети лица за нивно користење, освен ако за тоа постои Ваша согласност или законска обврска.

## 10. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци

Вашите лични податоци нема да бидат зачувани во форма и/или облик што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.

| | |
|---|---|
| **Сопственици на удели** | Најмалку 5 години по истекот на деловната година на која се однесуваат податоците, односно 5 години по истекот на деловниот однос, согласно Законот за инвестициски фондови |
| **Документација за идентификација на клиентот** | Најмалку 5 години од завршување на деловниот однос или од извршената трансакција, согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам |
| **Баратели на наследство** | 5 години по завршување на постапката за исплата |
| **Потенцијални клиенти** | До повлекување на согласноста, односно до 1 година од последниот остварен контакт доколку не биде воспоставен деловен однос |
| **Жалби и поплаки** | 5 години од денот на конечно постапување по жалбата |

По истекот на рокот за чување, личните податоци се бришат од информацискиот систем на Друштвото, односно се уништува хартиената документација на начин кој оневозможува нивно повторно враќање.

## 11. Кои се Вашите права

Под определени услови утврдени со закон, имате право на информирање, пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на податоците, приговор и повлекување на согласноста. Овие права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

| Право | Што значи | Рок за постапување |
|---|---|---|
| **Право на информирање (член 17 и 18 од ЗЗЛП)** | Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни. Оваа Информација Ви се доставува при воспоставување деловен однос и е објавена на интернет страната на Друштвото. | Во моментот кога ќе отпочнеме со обработка на Вашите лични податоци |
| **Право на пристап (член 19 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас. | 15 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на исправка (член 20 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци. | 15 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на бришење (член 21 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста; ако податоците биле незаконски обработувани; или заради почитување на законска обврска за бришење. Ова | 30 дена од денот на поднесување на барањето |

| Право | Што значи | Рок за постапување |
|---|---|---|
| | право е ограничено додека трае законскиот рок на чување утврден со прописите за инвестициски фондови и за спречување перење пари. | |
| **Право на ограничување на обработката (член 22 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката: ако ја оспорувате точноста на податоците, додека не ја потврдиме; ако сметате дека обработката е незаконита, но се противите на бришењето; или ако податоците Ви се потребни за остварување правни барања. | Еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако барањето е комплексно — три месеци |
| **Право на преносливост (член 24 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога обработката се врши врз основа на согласност или договор и со автоматизирани средства. | Еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако барањето е комплексно — три месеци |
| **Право на приговор (член 25 од ЗЗЛП)** | Кога обработката се заснова на легитимен интерес, имате право да приговарате против конкретната обработка. Ако обработката се врши за цели на директен маркетинг, обработката за таа цел престанува веднаш по приговорот. | Еден месец од денот на поднесување на барањето; кај директен маркетинг — веднаш |
| **Право на повлекување на согласноста (член 11 од ЗЗЛП)** | Кога правна основа за обработка е согласноста, во секое време можете да ја повлечете, без негативни последици. Повлекувањето не влијае на законитоста на обработката извршена пред повлекувањето. | Веднаш |

За остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, обратете се писмено на адресата ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје, или на електронска пошта: **info@opfolio.mk**.

## 12. Надлежен надзорен орган

| | |
|---|---|
| **Надзорен орган** | Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија |
| **Адреса** | бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје |
| **Телефон** | +389 2 323 0635 |
| **Е-пошта** | info@privacy.mk |
| **Интернет страна** | https://dzlp.mk |

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на Друштвото не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување повреда пред Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови**

**ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје**

**ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ЛИЦАТА КОИ ДАЛЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ И НА ЛИЦАТА КОИ КОНТАКТИРААТ СО ДРУШТВОТО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА ИЛИ ДРУГИ КАНАЛИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД СКОПЈЕ**

## 1. Идентитет и контакт податоци на Контролорот

| | |
|---|---|
| **Контролор** | Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје |
| **Седиште** | ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје |
| **Телефон** | +389 2 322 2762 |
| **Е-пошта** | info@opfolio.mk |
| **Интернет страна** | https://opfolio.mk |

## 2. Контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци

| | |
|---|---|
| **Е-пошта** | info@opfolio.mk |
| **Адреса** | ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје (со назнака: за офицерот за заштита на личните податоци) |

## 3. За кого се однесува оваа Информација

Оваа Информација се однесува на обработката на личните податоци на следниве категории субјекти:

- лица кои дале согласност за примање маркетиншки и информативни содржини од Друштвото;
- лица кои ги пополниле интерактивните алатки достапни на интернет страната на Друштвото, вклучувајќи ја алатката за инвеститорско профилирање и финансиско планирање;
- лица кои го контактирале Друштвото преку контакт формуларот на интернет страната, преку електронска пошта, телефон или преку профилите на Друштвото на социјалните мрежи;
- лица кои ги оставиле своите контакт податоци на јавни настани, презентации или едукативни настани организирани од Друштвото или на кои Друштвото учествувало.

*Доколку сте сопственик на удели во фондовите со кои управува Друштвото, обработката на Вашите лични податоци поврзана со деловниот однос е уредена со посебна Информација за обработка на личните податоци на сопствениците на удели и потенцијалните клиенти.*

## 4. Начела на заштита на личните податоци

Вработените и ангажираните лица кои вршат обработка на Вашите лични податоци имаат обврска да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на личните податоци, и тоа:

**Законитост, правичност и транспарентност**

Вашите лични податоци се собираат и обработуваат законито, врз основа на претходно дадената согласност, а во определени случаи врз основа на легитимниот интерес на Друштвото за одговарање на Вашето барање и остварување на комуникација со Вас.

**Ограничување на целта**

Личните податоци се обработуваат единствено за целите за кои е дадена согласноста, односно за целта на воспоставената комуникација, и не се предмет на натамошна обработка за цели различни од првично дефинираните. Секоја потреба за натамошна обработка е предмет на анализа и проценка на влијанието врз приватноста на субјектите.

**Минимален обем на податоци**

Обработката е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за исполнување на целта на обработката. Друштвото не бара ниту собира податоци за идентификација како што се ЕМБГ, број на лична карта или број на трансакциска сметка за целите опфатени со оваа Информација.

**Точност на личните податоци**

Друштвото спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или некомплетните лични податоци. Секој субјект има право да побара исправка, измена или бришење на лесен и едноставен начин. Друштвото има должност да направи исправка во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето или од денот кога е констатирана неточноста, и да ги избрише податоците за кои субјектот барал бришење во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

**Ограничување на роковите на чување**

По повлекување на согласноста, односно по исполнување на целта на обработката, личните податоци се бришат од соодветната збирка.

**Интегритет и доверливост**

Друштвото презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување. Пристапот е ограничен на лицата на кои им е издадено посебно овластување за обработка на лични податоци. Деталниот опис на мерките е содржан во Политиката за континуирано работење и безбедност на информацискиот систем на Друштвото.

**Отчетност**

Друштвото ја демонстрира усогласеноста со сите наведени начела, обезбедува докази и покажува дека се преземени сите потребни мерки за спроведување на начелата во пракса.

## 5. Правни основи за обработка на Вашите лични податоци

| | |
|---|---|
| **5.1. Директен маркетинг и информативни содржини** | • Ваша согласност — согласност на субјектот согласно ЗЗЛП |
| **5.2. Интерактивни алатки за инвеститорско профилирање и финансиско планирање** | • Ваша согласност — согласност на субјектот согласно ЗЗЛП |
| **5.3. Одговарање на Ваше барање упатено преку контакт формулар, електронска пошта или телефон** | • Легитимен интерес на Друштвото да одговори на упатеното барање и да оствари комуникација со Вас — легитимен интерес согласно ЗЗЛП |
| **5.4. Контакт податоци оставени на јавни настани** | • Ваша согласност — согласност на субјектот согласно ЗЗЛП |

Друштвото целосно го почитува начелото на минимален обем на податоци и ги собира само оние податоци кои се потребни, релевантни и ограничени за исполнување на целта заради која се обработуваат.

## 6. Цели на обработката

Друштвото ја врши обработката на Вашите лични податоци за следниве цели:

- испраќање информативни и едукативни содржини, вести, покани за настани и информации за производите и услугите на Друштвото;
- утврдување на Вашиот инвеститорски профил и подготовка на индивидуализирани резултати преку интерактивните алатки достапни на интернет страната;
- остварување комуникација со Вас и одговарање на Вашите прашања и барања;
- воспоставување контакт заради презентирање на понудата на Друштвото и, доколку изразите интерес, воспоставување деловен однос;
- анализа на посетеноста и корисничкото искуство на интернет страната, во агрегирана форма;
- евиденција на дадените и повлечените согласности, заради демонстрирање усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

## 7. Автоматизирана обработка и профилирање

Интерактивните алатки достапни на интернет страната на Друштвото вршат автоматизирана обработка на податоците што Вие доброволно ги внесувате, со цел да Ви прикажат резултат — ориентационен инвеститорски профил, односно ориентационен финансиски преглед.

**Овој резултат има исклучиво информативен и едукативен карактер. Тој не претставува инвестициски совет, ниту предизвикува правно дејство за Вас, ниту на сличен начин значително влијае врз Вас во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци за автоматизирано поединечно одлучување. Секоја одлука за воспоставување деловен однос се донесува од Ваша страна и подлежи на посебна постапка со непосредно учество на овластено лице од Друштвото.**

## 8. Кој има пристап до Вашите лични податоци

Пристап до Вашите лични податоци може да имаат:

- овластени вработени или ангажирани лица во Друштвото, само до степен потребен за извршување на работните задачи, согласно издадените овластувања за обработка;
- вработени или ангажирани лица кај обработувачи кои во име на Друштвото вршат обработка на лични податоци, врз основа на правен акт за обработка на лични податоци, и тоа: даватели на услуги за хостирање на интернет страната, даватели на услуги за автоматизација на комуникацијата и складирање податоци, како и даватели на услуги за испраќање електронска пошта;
- во определени исклучителни ситуации, заради исполнување на законски обврски — судови, органи за спроведување на законот, регулаторни тела или правни застапници.

*Во својство на контролор, Друштвото дава лични податоци на обработувачи кои ги обработуваат во негово име, при што ги обврзува со договор или друг правен акт за обработка на лични податоци во смисла на член 32 од ЗЗЛП, со кој обработувачите се обврзуваат на истите стандарди на заштита кои се применуваат кај Друштвото.*

Друштвото не продава и не отстапува Ваши лични податоци на трети лица за нивни сопствени маркетиншки цели.

## 9. Категории на лични податоци што ги обработуваме

### Во Збирката на лица кои дале согласност за директен маркетинг

- Име и презиме
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)
- Податоци за дадената согласност (датум, канал и обем на согласноста)

### Во Збирката на корисници на интерактивните алатки на интернет страната

- Име и презиме, доколку доброволно ги внесете
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број), доколку доброволно ги внесете
- Одговори на прашањата во алатката (инвестициски цели, временски хоризонт, однос кон ризик, ориентациони финансиски параметри)
- Генериран резултат — ориентационен инвеститорски профил
- Датум и време на пополнување

### Во Збирката на лица кои го контактирале Друштвото

- Име и презиме
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)
- Содржина на упатеното барање и податоци кои лицето ги открива во текот на комуникацијата
- Датум и канал на остварениот контакт

## 10. Како ги чуваме Вашите лични податоци

Вашите лични податоци ги обработуваме во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Вработените се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци, а истата обврска ја имаат и обработувачите, врз основа на правен акт за обработка на лични податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на Друштвото имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи. Секое овластено лице потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка.

Личните податоци се чуваат на сервер во просториите на Друштвото, со примена на технички и организациски мерки за заштита. Заради обезбедување континуитет во работењето и сигурносни копии, дел од податоците се обработуваат и кај даватели на облак-услуги со инфраструктура во држави-членки на Европската Унија, а во вонредни ситуации и кај давател со инфраструктура во Соединетите Американски Држави. Секој ваков пренос се врши врз основа на соодветен правен инструмент за пренос предвиден со членовите 48–56 од Законот за заштита на личните податоци, вклучувајќи стандардни договорни клаузули, со примена на дополнителни технички мерки за заштита.

## 11. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци

Вашите лични податоци нема да бидат зачувани во форма и/или облик што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.

| | |
|---|---|
| **Податоци обработени врз основа на согласност за директен маркетинг** | До повлекување на согласноста. Доколку во период од 2 години не остварите никаква интеракција со испратените содржини, согласноста се смета за неактивна и податоците се бришат. |

| | |
|---|---|
| **Податоци внесени во интерактивните алатки** | 1 година од пополнувањето, освен ако не биде повлечена согласноста порано или не биде воспоставен деловен однос |
| **Податоци од остварен контакт преку контакт формулар, електронска пошта или телефон** | 1 година од последниот остварен контакт |
| **Евиденција на дадени и повлечени согласности** | 5 години од повлекувањето на согласноста, заради докажување усогласеност со прописите |

По истекот на рокот за чување, личните податоци се бришат од информацискиот систем на Друштвото, односно се уништува хартиената документација на начин кој оневозможува нивно повторно враќање.

## 12. Кои се Вашите права

Под определени услови утврдени со закон, имате право на информирање, пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на податоците, приговор и повлекување на согласноста. Овие права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

| Право | Што значи | Рок за постапување |
|---|---|---|
| **Право на информирање (член 17 и 18 од ЗЗЛП)** | Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни. Оваа Информација Ви се доставува при воспоставување деловен однос и е објавена на интернет страната на Друштвото. | Во моментот кога ќе отпочнеме со обработка на Вашите лични податоци |
| **Право на пристап (член 19 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас. | 15 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на исправка (член 20 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци. | 15 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на бришење (член 21 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста; ако податоците биле незаконски обработувани; или заради почитување на законска обврска за бришење. Ова право е ограничено додека трае законскиот рок на чување утврден со прописите за инвестициски фондови и за спречување перење пари. | 30 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на ограничување на обработката (член 22 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката: ако ја оспорувате точноста на податоците, додека не ја потврдиме; ако сметате дека обработката е незаконита, но се противите на бришењето; или ако податоците Ви се потребни за остварување правни барања. | Еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако барањето е комплексно — три месеци |
| **Право на преносливост (член 24 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога обработката се врши врз основа на согласност или договор и со автоматизирани средства. | Еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако барањето е комплексно — три месеци |
| **Право на приговор (член 25 од ЗЗЛП)** | Кога обработката се заснова на легитимен интерес, имате право да приговарате против конкретната обработка. Ако обработката се врши | Еден месец од денот на поднесување на барањето; |

| Право | Што значи | Рок за постапување |
|---|---|---|
| | за цели на директен маркетинг, обработката за таа цел престанува веднаш по приговорот. | кај директен маркетинг — веднаш |
| **Право на повлекување на согласноста (член 11 од ЗЗЛП)** | Кога правна основа за обработка е согласноста, во секое време можете да ја повлечете, без негативни последици. Повлекувањето не влијае на законитоста на обработката извршена пред повлекувањето. | Веднаш |

**Повлекување на согласноста и приговор против директен маркетинг.** Во секое време можете да ја повлечете дадената согласност или да приговарате против обработката за цели на директен маркетинг, без наведување причина и без каква било негативна последица за Вас. Повлекувањето може да го извршите преку линкот за отпишување содржан во секоја испратена електронска порака, или со порака на info@opfolio.mk. По приемот на повлекувањето, обработката за таа цел престанува веднаш. Повлекувањето не влијае на законитоста на обработката извршена пред повлекувањето.

За остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, обратете се писмено на адресата ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје, или на електронска пошта: **info@opfolio.mk**.

## 13. Надлежен надзорен орган

| | |
|---|---|
| **Надзорен орган** | Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија |
| **Адреса** | бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје |
| **Телефон** | +389 2 323 0635 |
| **Е-пошта** | info@privacy.mk |
| **Интернет страна** | https://dzlp.mk |

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на Друштвото не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување повреда пред Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови**

**ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје**

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ АГЕНТИ НА ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД СКОПЈЕ

## 1. Идентитет и контакт податоци на Контролорот

| | |
|---|---|
| **Контролор** | Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје |
| **Седиште** | ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје |
| **Телефон** | +389 2 322 2762 |
| **Е-пошта** | info@opfolio.mk |
| **Интернет страна** | https://opfolio.mk |

## 2. Контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци

| | |
|---|---|
| **Е-пошта** | info@opfolio.mk |
| **Адреса** | ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје (со назнака: за офицерот за заштита на личните податоци) |

## 3. За кого се однесува оваа Информација

Оваа Информација се однесува на обработката на личните податоци на физичките лица кои со Друштвото имаат склучено Договор за посредување при продажба на удели во отворените инвестициски фондови со кои управува Друштвото, и кои се евидентирани и одобрени од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во својство на инвестициски агенти.

*Друштвото не води збирка на кандидати за инвестициски агенти и не собира биографии или други лични податоци од лица кои не се ангажирани како агенти.*

## 4. Начела на заштита на личните податоци

Вработените и ангажираните лица кои вршат обработка на Вашите лични податоци имаат обврска да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на личните податоци, и тоа:

**Законитост, правичност и транспарентност**

Вашите лични податоци се собираат и обработуваат законито, врз основа на Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност, како и врз основа на Договорот за посредување при продажба.

**Ограничување на целта**

Личните податоци се обработуваат за цели утврдени со закон и договор и не се предмет на натамошна обработка за цели различни од првично дефинираните. Секоја потреба за натамошна обработка е предмет на анализа и проценка на влијанието врз приватноста на субјектите.

**Минимален обем на податоци**

Обработката е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за исполнување на целта на обработката, односно на податоците чие доставување е пропишано со Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност.

**Точност на личните податоци**

Друштвото спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или некомплетните лични податоци. Секој субјект има право да побара исправка, измена или бришење на лесен и едноставен начин. Друштвото има должност да направи исправка во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето или од денот кога е констатирана неточноста, и да ги избрише податоците за кои субјектот барал бришење во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

**Ограничување на роковите на чување**

По изминувањето на роковите, односно по исполнување на целта на обработката, личните податоци се бришат од соодветната збирка, освен кога подолг рок е пропишан со закон.

**Интегритет и доверливост**

Друштвото презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување. Пристапот е ограничен на лицата на кои им е издадено посебно овластување за обработка на лични податоци. Деталниот опис на мерките е содржан во Политиката за континуирано работење и безбедност на информацискиот систем на Друштвото.

**Отчетност**

Друштвото ја демонстрира усогласеноста со сите наведени начела, обезбедува докази и покажува дека се преземени сите потребни мерки за спроведување на начелата во пракса.

## 5. Правни основи за обработка на Вашите лични податоци

| | |
|---|---|
| **5.1. Ангажман и посредување** | • Исполнување на договорна обврска (Договор за посредување при продажба) — извршување на договор согласно ЗЗЛП |
| **5.2. Евидентирање и одобрување кај Комисијата за хартии од вредност** | • Исполнување на законска обврска (Закон за инвестициски фондови и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност) — исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП |
| **5.3. Проверка на исполнетост на условите за вршење на функцијата** | • Исполнување на законска обврска — исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП, во врска со одредбите од ЗЗЛП за обработка на податоци поврзани со кривични осуди и прекршочни санкции, која се врши единствено кога е пропишана со закон и под контрола на надлежен орган |
| **5.4. Пресметка и исплата на надоместок** | • Исполнување на договорна обврска и на законска обврска (даночни прописи и прописи за задолжително социјално осигурување, зависно од видот на ангажманот) — извршување на договор и исполнување на законска обврска согласно ЗЗЛП |

Друштвото целосно го почитува начелото на минимален обем на податоци и ги собира само оние податоци кои се потребни, релевантни и ограничени за исполнување на целта заради која се обработуваат.

## 6. Цели на обработката

Друштвото ја врши обработката на Вашите лични податоци за следниве цели:

- склучување и извршување на Договорот за посредување при продажба на удели;
- поднесување барање и доставување документација до Комисијата за хартии од вредност заради евидентирање и добивање одобрение за вршење на функцијата инвестициски агент;

- утврдување и периодична проверка на исполнетоста на условите пропишани со закон за вршење на функцијата, вклучувајќи проверка дека лицето не е осудувано за определени кривични дела и дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- водење евиденција за ангажираните инвестициски агенти и за уделите продадени преку нивно посредување;
- пресметка, евидентирање и исплата на надоместок за посредување;
- исполнување на обврските за известување кон Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и други надлежни органи;
- остварување редовна деловна комуникација во врска со извршувањето на Договорот.

## 7. Кој има пристап до Вашите лични податоци

Пристап до Вашите лични податоци може да имаат:

- овластени вработени или ангажирани лица во Друштвото, само до степен потребен за извршување на работните задачи, согласно издадените овластувања за обработка;
- вработени или ангажирани лица кај обработувачи кои во име на Друштвото вршат обработка на лични податоци, врз основа на правен акт за обработка на лични податоци;
- Комисијата за хартии од вредност, во рамките на постапката за евидентирање и одобрување на инвестициски агенти и во рамките на нејзините надзорни овластувања;
- Управата за јавни приходи и други јавни институции на кои Друштвото е обврзано да ги достави Вашите лични податоци како законска обврска;
- во определени исклучителни ситуации, заради исполнување на законски обврски — судови, органи за спроведување на законот, регулаторни тела или правни застапници.

*Во својство на контролор, Друштвото дава лични податоци на обработувачи кои ги обработуваат во негово име, при што ги обврзува со договор или друг правен акт за обработка на лични податоци во смисла на член 32 од ЗЗЛП, со кој обработувачите се обврзуваат на истите стандарди на заштита кои се применуваат кај Друштвото.*

## 8. Категории на лични податоци што ги обработуваме

### Во Збирката на инвестициски агенти

- Име и презиме
- ЕМБГ
- Датум и место на раѓање
- Податоци од документ за лична идентификација (вид, број и издавач на документот)
- Адреса и место на живеење
- Контакт податоци (адреса на електронска пошта, телефонски број)
- Степен и вид на образование
- Занимање и професија
- Податоци за положен испит, односно за исполнетост на стручните услови пропишани со закон
- Број и датум на Договорот за посредување при продажба
- Број и датум на одобрението, односно решението на Комисијата за хартии од вредност
- Број на трансакциска сметка и назив на деловна банка
- Податоци за остварен надоместок за посредување
- Фотографија, доколку е потребна за издавање легитимација

### Податоци поврзани со кривични осуди и прекршочни санкции

Заради утврдување на исполнетоста на условите пропишани со закон за вршење на функцијата инвестициски агент, Друштвото обработува и:

- уверение дека лицето не е осудувано за определени кривични дела;
- уверение дека на лицето не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност.

*Овие податоци се обработуваат единствено врз основа на законска обврска пропишана со Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност, под контрола на надлежен орган, и се достапни исклучиво на овластените лица кои учествуваат во постапката за евидентирање и одобрување на инвестициски агенти. Овие податоци не се користат за ниту една друга цел.*

## 9. Како ги чуваме Вашите лични податоци

Вашите лични податоци ги обработуваме во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Вработените се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци, а истата обврска ја имаат и обработувачите, врз основа на правен акт за обработка на лични податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на Друштвото имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи. Секое овластено лице потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка.

Личните податоци се чуваат на сервер во просториите на Друштвото, со примена на технички и организациски мерки за заштита. Заради обезбедување континуитет во работењето и сигурносни копии, дел од податоците се обработуваат и кај даватели на облак-услуги со инфраструктура во држави-членки на Европската Унија, а во вонредни ситуации и кај давател со инфраструктура во Соединетите Американски Држави. Секој ваков пренос се врши врз основа на соодветен правен инструмент за пренос предвиден со членовите 48–56 од Законот за заштита на личните податоци, вклучувајќи стандардни договорни клаузули, со примена на дополнителни технички мерки за заштита.

Хартиената документација која содржи уверенија и други документи за исполнетост на условите се чува заклучена, со ограничен пристап единствено на овластените лица.

Друштвото нема да ги проследи Вашите податоци на трети лица за нивно користење, освен ако за тоа постои Ваша согласност или законска обврска.

## 10. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци

Вашите лични податоци нема да бидат зачувани во форма и/или облик што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.

| | |
|---|---|
| **Договор за посредување и придружна документација** | 5 години по истекот, односно по престанокот на важењето на Договорот, согласно Законот за инвестициски фондови |
| **Документација доставена до Комисијата за хартии од вредност** | 5 години по престанокот на својството инвестициски агент |
| **Уверенија за неосудуваност и за неизречена забрана** | До престанок на својството инвестициски агент, односно до нивното заменување со ново уверение; по престанокот на ангажманот се уништуваат |

| | |
|---|---|
| **Податоци за пресметан и исплатен надоместок** | Согласно роковите пропишани со даночните и сметководствените прописи |

По истекот на рокот за чување, личните податоци се бришат од информацискиот систем на Друштвото, односно се уништува хартиената документација на начин кој оневозможува нивно повторно враќање.

## 11. Кои се Вашите права

Под определени услови утврдени со закон, имате право на информирање, пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на податоците, приговор и повлекување на согласноста. Овие права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

| Право | Што значи | Рок за постапување |
|---|---|---|
| **Право на информирање (член 17 и 18 од ЗЗЛП)** | Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни. Оваа Информација Ви се доставува при воспоставување деловен однос и е објавена на интернет страната на Друштвото. | Во моментот кога ќе отпочнеме со обработка на Вашите лични податоци |
| **Право на пристап (член 19 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас. | 15 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на исправка (член 20 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци. | 15 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на бришење (член 21 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста; ако податоците биле незаконски обработувани; или заради почитување на законска обврска за бришење. Ова право е ограничено додека трае законскиот рок на чување утврден со прописите за инвестициски фондови и за спречување перење пари. | 30 дена од денот на поднесување на барањето |
| **Право на ограничување на обработката (член 22 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката: ако ја оспорувате точноста на податоците, додека не ја потврдиме; ако сметате дека обработката е незаконита, но се противите на бришењето; или ако податоците Ви се потребни за остварување правни барања. | Еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако барањето е комплексно — три месеци |
| **Право на преносливост (член 24 од ЗЗЛП)** | На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога обработката се врши врз основа на согласност или договор и со автоматизирани средства. | Еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако барањето е комплексно — три месеци |
| **Право на приговор (член 25 од ЗЗЛП)** | Кога обработката се заснова на легитимен интерес, имате право да приговарате против конкретната обработка. Ако обработката се врши за цели на директен маркетинг, обработката за таа цел престанува веднаш по приговорот. | Еден месец од денот на поднесување на барањето; кај директен маркетинг — веднаш |
| **Право на повлекување на согласноста (член 11 од ЗЗЛП)** | Кога правна основа за обработка е согласноста, во секое време можете да ја повлечете, без негативни последици. Повлекувањето не влијае на | Веднаш |

| Право | Што значи | Рок за постапување |
|---|---|---|
| | законитоста на обработката извршена пред повлекувањето. | |

За остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, обратете се писмено на адресата ул. Дане Крапчев бр. 21/6, 1000 Скопје, или на електронска пошта: **info@opfolio.mk**.

## 12. Надлежен надзорен орган

| | |
|---|---|
| **Надзорен орган** | Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија |
| **Адреса** | бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје |
| **Телефон** | +389 2 323 0635 |
| **Е-пошта** | info@privacy.mk |
| **Интернет страна** | https://dzlp.mk |

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на Друштвото не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување повреда пред Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови**

**ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје**